ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштваи член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 27.05.2025 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За поништување на Одлука за промена на седиште

### Член 1

СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за промена на седиштето на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена на седницата на Собранието на акционери на Друштвото одржана на ден 27.06.2024 година, заведена во Друштвото под арх. бр. 0201-189/1 од ден 27.06.2024 година.

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Од страна на Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на ден 27.06.2024 година е донесена Одлука за промена на седиште, заведена во Друштвото под арх. бр. 0201-189/1 од ден 27.06.2024 година. Со предмет на таа Одлука е предвидено адресата на седиште на Друштвото да биде променета, и новата адреса да биде на ул. “152” бр. 1А Тетово.

Горе цитираната Одлука на Собранието на акционери е донесена врз основа на Потврда за точна адреса број 11-6215/1од 23.05.2024 година издадена од страна на ОпштинаТетово.

При поднесувањето на пријавата за уписна промена во Трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ, од страна на овластеното лице – регистрационен агент, е утврдено дека предметната адреса, односно ул. 152 во Тетово, не е достапна за избор во електронскиот систем на ЦР на РСМ.

Од страна на Друштвото релевантните институции се доставени соодветни барања за ажурирање на податоци воАдресниот регистар, и тоа:

- На ден 18.07.2024 година, доставено е Барање за ажурирање на податоци во Адресен регистар до ОпштинаТетово, заведено во Друштвото под број 0202-243/1 од 18.07.2024 година и
- На ден 24.07.2024 година, доставено е Барање за ажурирање на податоци во Адресен регистар до Централниот регистар на РСМ, заведено во Друштвото под број 0202-244/1 од 19.07.2024 година.

Со оглед на тоа дека од страна на Централниот регистар и Општина Тетово не беше извршено запишување на адресата согласно поднесените барања, не постои можност за спроведување и упис на донесената одлука за промена на седиште воТрговскиотрегистар. Истовремено, Друштвото сѐ уште располага со деловни простории на ул. Илинденскабр. 18А Тетово кои можат да се користат како негово седиште.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ,